# Нови четириесет договори за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013

Со објавувањето на третиот јавен повик за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 година до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој беа доставени 74 барања за користење на средствата за трите мерки од оваа програма:

- мерка 101, Инвестиции во земјоделски стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- мерка 103, Инвестиции за преработка и маркетинг на замјоделските производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на ЕУ одобрени и
- мерка 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности.




По обработката на барањата, согласно процедурите за евалуација и одобрување Агенцијата ги повика 40-те апликанти чии проекти за користење на средства од оваа програма се одобрени и во тек е склучувањето на договорите за кофинансирање.

Вкупната вредност на инвестициите за кои се склучуваат договорите за кофинансирање од овој јавен повик изнесува околу 4,3 милиони евра или кофинансирање во висина од околу 2,15 милиони евра.

Најмногу проекти, или вкупно 24 проекти, се одобрени во мерката 101. Најголем интерес е забележан во подсекторот овоштарство каде се одобрени 14 проекти за модернизација на постоечките овошни насади, набавка на системи за наводнување капка по капка односно набавка на опрема (мулчери, атомизери, прскалки за заштита и друга приклучна механизација).



Во однос на мерката 103 одобрени се вкупно 9 проекти. Проектите во оваа мерка се однесуваат на модернизација на преработувачките капацитети, набавка на современа опрема (вклучително и софтвер) за преработка на земјоделски производи со што инвеститорите преку достигнување на стандардите на ЕУ воедно ќе ја зголемат конкурентноста на сопственото производство.

Во однос на мерката 302, Диверзификација и развој на руралните економски активности, одобрени се вкупно 7 проекти, од кои најмногу (3 проекти) се однесуваат на инвестиции во изградба и опремување на објекти за одгледување на печурки, а останатите за инвестициии за изградба и опремување на млакара, за изградба и опремување на објект за преработка на мед како и за инвестиции во угостителски објект. Со овој јавен повик за првпат е одобрен проект за изградба и опремување на објект за поправка на земјоделска механизација.

По претходно објавените два јавни повици, Агенцијата склучи вкупно 63 договори за инвестиции со вкупна вредност од околу 8 милиони евра, односно кофинансирање од околу 4 милиони евра.



Со потпишување на договорите од третиот јавен повик, вкупната вредност на 103-те прифатливи инвестиции ќе изнесува над 12 милиони евра, односно очекуван вкупен износ за кофинанси-рање од околу 6 милиони евра.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на 16.07.2011 година објави нов (четврт) јавен повик, втор во 2011 година за доставување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата. Крајниот рок за поднесување на барањата по новиот повик е 30 август 2011 година. Воедно, во тек е реализацијата на ИПАРД инфо деновите со цел помасовно запознавање со можностите и начинот на користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013.

Согласно планот за објавување на јавни повици во 2011 година во октомври претстои објавување на уште еден јавен повик за аплицирање за користење на средствата од оваа програма.